**Инструкција на ВМРО ДПМНЕ од 1993 година**

Во „Инструкцијата“ на ВМРО ДПМНЕ стои дека:

„На домашните предавници и на целиот свет конечно треба да им стане јасно дека Македонците немаат друга татковина, така што нема да дозволиме никакви „кумови“ и "кумчиња" однадвор и однатре повторно да не крстат и прекрстуваат.

Ние сме одамна крстени и нашето вековно исконско име било, е и ќе биде Македонци.

Ние со векови сме биле, сме и ќе бидеме Македонци и само Македонци и ништо друго.“

– се вели во „Инструкцијата’ за членовите на партијата во земјата и странство.

**Меѓутоа, ако сте помислиле дека „Инструкцијата’ е испратена денес грдно сте погрешиле.**

Иако таа во многу нешта соодвествува и за денешните настани, таа е потпишана во далечната 1993 година, верувале или не, од поранешниот претседател на партијата и екс премиер на Република Македонија Љубчо Георгиевски.

Кај Љубчо Георгиевски, кој денес излегува со ставови дека Македонија треба да го промени своето име во Северна Македонија и дека „Македонците се најголеми фалсификатори на балканската историја“ и дека „ќе го проколнат мајчиното млеко поради тоа што се откажале од Свети Климент и Свети Наум“, приметлива е огромна трансформација на ставовите.

На 29 март 1993 година, „Инструкцијата' со пропратно писмо е доставена до претседателот на Задграничниот комитет на ВМРО ДПМНЕ Мане Јаковлевски, во кое се бара да бидат запознати сите комитети и најширокото членство за постапките кои ги превзема партијата и пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ во Собранието, како и за активностите што треба да бидат превземени.

Меѓудругото во „Инструкцијата' се вели следното:

**„Македонија денес се наоѓа на својот најголем историски крстопат. Во 1912 година, соседните земји и големите сили, спротивно на вољата на македонскиот народ, го искинаа неговото животно тело, поделувајќи ја Македонија на неколку делови. Денес, меѓутоа, сакаат да ни го сменат и иметои презимето, сакаат да ни ги уништат и корените, да не обезличат, посрамат и понижат. Директни учесници на ваквото срамно сценарио, за жал се г. Киро Глигоров и .. владата на г. Бранко Црвенковски, кои само да ја сочуваат власта, се спремни на секаков компромис, па и на гнил компромис со Грција за промена на нашето вековно име во „Бивша југословенска република Македонија.“**

Тргнувајќи од овој документ на ВМРО ДПМНЕ од 1993 г., се гледа една конзистентност во политиката на ВМРО ДПМНЕ до денешен ден. Денес таа предводена од лидерот и премиер на Владата на Македонија Никола Груевски не дозволува промена на името која би довела до губење на македонскиот идентитет.

Меѓутоа, изненадува брзата трансформација на Љубчо Георгиевски, кој од изразит патриот стана најголем непријател на сопствената земја.

Г. Мане Јаковлевски, претседател на
Задграничниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ

Почитуван господине Јаковлевски,

во прилог Ви ја доставувам Инструкцијата за поставувањето на нашето членство во странство во врска со прифаќањето на македонската влада на промената на името на Република Македонија. Молам со инструкцијата да се запознаат сите наши комитети и најширокото членство.

Молам членството на Партијата, исто така, да биде запознато дека нашата пратеничка група до претседателот на Собранието поднесе звонично барање за свикување на итна седница на Собранието околу новонастанатата ситуација во врска со прифаќањето на новото име на Република Македонија. Одржувањето на оваа седница, меѓутоа, е крајно неизвесно.

Молам за спроведувањето на Инструкцијата да ме информирате дневно.

Со поздрав,

Љубчо Георгиевски
Претседател на ВМРО-ДПМНЕ

Скопје, 29.03.1993

# ИНСТРУКЦИЈА

за поставувањето на членството на ВМРО-ДПМНЕ во странство во врска со прифаќањето на македонската влада на промената на името на Република Македонија

Македонија денес се наоѓа на својот најголем ист ски крстопат. Во 1912 година соседните земји и големите сил спротивно на волјата на македонскиот народ, го искинаа него живо тело, поделувајки ја Македонија на неколку делови. Ден меѓутоа, сакаат да ни го сменат и името и презимето, сакаат ни ги уништат коренито, да не обезличат, посрамат и понижат рекни учесници во ваквото гнасно и срамно сценарио, за жал, г. Киро Глигоров и комунистичко-албанската влада на г. Бран Црвенковски, кои само за да ја сочуваат власта, се спремни какон компромис, па и на гнил компромис со Грција за промена нашето вековно име во "Бивша југословенска република Македон

Политиката на трајен компромис и постојана дефанз за националните и државни интереси на г. Киро Глигоров и не та сателитска влада доби уште една потврда со прифаќањето на нацрт-резолуцијата на Франција, Велика Британија и Шпанија менa на името на Република Македонија во "Бивша југословенс Република Македонија". На тој начин тие не само што го урна повековековното достоинство, културата и историјата на макед киот народ, туку создадоа и погоден терен Македонија повтор да стане лесен плен на соседните земји.

И наместо мирно да се повлечат од политичката сце и да одговараат за своите антимакедонски постапки и политике г. Киро Глигоров и владата на г. Бранко Црвенковски тешкиот раз на меѓународен план денес се обидуваат да го претворат триумф. Во таа цел тие, преку своите режимски средства за ја информирање и со организирањето на разни научни и др. трибин поведоа „смела" акција за повторно миење на мозокот на маке скиот народ, убедувајки го дека прифаќањето на англо-францус шпанската нацрт-резолуција за прием на Република Македонија ООН под "привременото" име "Бивша југословенска Република Ма донија" е единствено можното решение.

ВМРО-ДПМНЕ и неговото членство во Република Макед ја и надвор од неа, меѓутоа, најенергично го отфрла таквото сно сценарио и подвлекува дека гнилиот компромис со прифаќањ на името "бивша југословенска Република Македонија" претства антинароден и криминален акт за кој Киро Глигоров, Бранко Цр ковски и другите сторители, кога-тогаш, ќе мораат да одговара пред својот народ. ВМРО-ДПМНЕ не може повеќе да дозволува ко нистичко-албанската власт и понатаму да го злоупотребува нар убедувајки го дека треба да се прифати името "бивша југослове ска Република Македонија".



Драматично тешката и крајно неизвесна ситуација во ја Киро Глигоров и другите македонски предавници ја доведоа

ВМРО-ДПМНЕ, од секој чесен Македонец, од сите нас бара:

1. единство и сплотување околу заедничките национални и државни интереси. На македонскиот народ денес му е потребно вистинско единство, единство без отпадници и предавници од тип на Киро Глигоров, Бранко Црвенковски и слични на нив. Само на тој начин, сложни и единствени и ослободени од предавници на македонскиот народ ќе успееме да ја отфрлиме постоечката комунистичко-албанска власт и да изградиме демократска и слободна македонска држава која ќе биде почитувана и уважувана од сите народи и држави во светот. Македонскиот народ тоа одамна го заслужува;

2. присобирање на потписи за покренување на барање за кривична одговорност на оние кои 'то прифатија гнилиот компромис за промена на името на Република Македонија;

3. присобирање на потписи за покренување на барање за организирање на предвремени парламентарни избори во Република Македонија;

4. организирање на мирни демонстрации во земјата и странство за отфрлање на предложеното име и барање осуда на политиката на Киро Глигоров, Бранко Црвенковски и нивните истомисленици;

5. организирање на јавни трибини за осуда на досегашната политика на Киро Глигоров и отфрлање на компромисот за името;

6. упатување нови меморандуми до властите во постоечките земји, со јасно предупредување дека наметнатото име на Републиката ќе предизвика немири од широки размери во Македонија и надвор од неа;

7. организирање на еден сенароден митинг во Скопје на кој учество би земале и македонците од странство ( точниот датум на митингот би се утврдил дополнително);

На домашните предавници и на целиот свет конечно треба да им стане јасно дека Македонците немаат друга татковина, и што нема да дозволиме никакви "кумови" и "кумчиња" однадвор и однатре повторно да не крстат и прекрстуваат. Доста низ вековите не крстеа и прекрстуваа. Ние сме одамна крстени и нашето вековно исконско име било, е и ќе биде Македонци. Ние со векови сме биле, сме и ќе бидеме Македонци и само Македонци и ништо друго.

Да живее Македонија!

Да живее храбриот и чесен македонски народ!

Да живее ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство!

Љупчо Георгиевски

Скопје, 29.3.199[illegible] Претседател на ВМРО-ДПМНЕ